**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"ВО СКОПЈЕ**
**Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје**
**ул. „16-та Македонска Бригада"бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје**
**Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590**

Бр. 02-245/2-V-3
11.6.2024 год.
Скопје

Врз основа на член 66 од Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 446/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 11.6.2024 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за утврдување на рокови за завршување на студии од прв циклус, за студентите запишани во учебната 2015/2016 год.; 2016/2017 год. и 2017/2018 год.

**Член 1**

Студентите прв пат запишани во учебната **2015/2016 год.** на студиските програми Инженерство на мебел и дрво и Дизајн на мебел и ентериер на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје, должни се да ги завршат студиите заклучно со **30.9.2025 год.**, во согласност со условите што важеле при запишувањето на студиите, за кој период важат сите финансиски обврски согласно актите на Факултетот.

**Член 2**

Студентите прв пат запишани во учебната **2016/2017 год. и 2017/2018 год.** на студиските програми Инженерство на мебел и дрво и Дизајн на мебел и ентериер на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје, должни се да ги завршат студиите заклучно **со 30.9.2026 год.**, во согласност со условите што важеле при запишувањето на студиите, за кој период важат сите финансиски обврски согласно актите на Факултетот.

**Член 3**

Студентите кои нема да ги завршат студиите во рокот утврден во член 1 и член 2 на оваа одлука, можат да продолжат да студираат според студиските програми што се во важност на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје, во согласност со условите и правилата за студирање кои важат за истата.

**Член 4**

Признавањето на предметите ќе се врши во согласност со одлуката за еквиваленција од Наставно-научниот совет на Факултетот, што ќе го спроведува Комисија за еквиваленција, при што студентите ќе потпишат барање и изјава дека ги прифаќаат условите на студирање по таа студиска програма.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан

Проф. д-р Ѓорѓи Груевски

Доставено до:
- Одделение за Студентски прашања, Продекан за настава;
- архива /правна служба на Факултетот.